Врз основа на член 180 став (6) од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22), министерот за економија донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ТЕЛО ЗА ЗАШТИТА НА КОЛЕКТИВНИ ИНТЕРЕСИ И ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите.

Член 2

Барањето се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја или во електронска форма.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 25-24/1
4 јануари 2024 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши,** с.р.

**Прилог**

**До**
**Министерство за економија**
**ул. „Јуриј Гагарин“ бр.15**
**1000 Скопје**

**БАРАЊЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ТЕЛО ЗА ЗАШТИТА НА КОЛЕКТИВНИ ИНТЕРЕСИ И ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

| **1. Основни податоци за подносителот на барањето** | |
|---|---|
| 1.1 Назив на подносителот на барањето | |
| 1.2. Податоци за подносителот на барањето | |
| 1.2.1 Седиште | |
| 1.2.2 Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) | |
| 1.2.3 Контакт телефон | |
| 1.2.4 Електронска пошта | |
| 1.3. Податоци за застапникот на подносителот на барањето | |
| 1.3.1 Име и презиме | |
| 1.3.2 Контакт телефон | |
| 1.3.3 Електронска пошта | |

| **2. Податоци за упис на подносителот на барањето во Централниот регистар на Република Северна Македонија** | |
|---|---|
| 2.1. Број и датум на решението за упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија | |
| 2.2. Регистар во кој е запишан подносителот на барањето во Регистарот на други правни лица (да се избере или да се наведе) | ☐ Регистар на здруженија и на сојузи<br>☐ Регистар на фондации<br>☐ Регистар на организациони области на странските организации<br>☐ Регистар на установи (јавни)<br>☐ Регистар на установи (приватни)<br>☐ Друго --------------------- |

| **3. Податоци за главната дејност утврдена во Статутот на подносителот на барањето** | |
|---|---|
| 3.1 Област(и) на заштита на правата на потрошувачите | |
| 3.2 Цел за заштита на правата на потрошувачите | |

| **4. Спроведени проекти на национално и на меѓународно ниво** | |
|---|---|
| 4.1. Национално ниво | |
| 4.1.1 Спроведени проекти на национално ниво | |
| 4.1.1.1 Наслов на проектот | |
| 4.1.1.2 Цели на проектот | |
| 4.1.1.3 Кус опис на активности | |
| 4.1.1.4 Период на спроведување | |
| 4.1.1.5 Донатор и контакт лице на донаторот со податоци за контакт | |
| 4.2. Меѓународно ниво | |
| 4.2.1. Спроведени проекти на национално ниво | |
| 4.2.1.1 Наслов на проектот | |
| 4.2.1.2 Цели на проектот | |
| 4.2.1.3 Кус опис на активности | |
| 4.2.1.4 Период на спроведување | |
| 4.2.1.5 Донатор и контакт лице на донаторот со податоци за контакт | |
| 4.2.2 Членство во меѓународни тела и сојузи за заштита на потрошувачи (да се наведат) | |

| **5. Податоци за спроведени активности на подносителот на барањето во последните три години** | |
|---|---|
| Активности | Спроведени активности |
| 5.1.Поднесување на иницијативи за донесување на нови закони и/или законски измени од областа на заштита на потрошувачите; | |
| 5.2. Давање на мислења по предлози на закони и други прописи од областа на заштитата на потрошувачите; | |
| 5.3. Иницирање на расправи пред Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Северна Македонија и советите за заштита на потрошувачите на општините односно градот Скопје и заинтересираните страни по прашања кои се однесуваат на интересите на потрошувачите; | |
| 5.4. Соработка и размена на информации со органите за надзор на пазарот и други органи на државната управа и локалната самоуправа по прашања кои се однесуваат на заштитата на потрошувачите; | |
| 5.5. Информирање и советување на потрошувачите; | |
| 5.6. Работење на превенција и едукација на потрошувачите и подигањето на потрошувачката свест и култура; | |
| 5.7. Учество во имплементацијата на Програмата за заштита на потрошувачите; | |
| 5.8. Постапување по однос на жалбите на потрошувачите непосредно или во соработка со органите за надзор на пазарот и други органи на државната управа кои имаат надлежности поврзани со заштитата на потрошувачите и давање на правна помош и совети на потрошувачите во однос на прописите за заштита на потрошувачите; | |
| 5.9. Посредување меѓу потрошувачите и трговците на стоки и давателите на услуги со цел решавање на спорови; | |
| 5.10 Правна помош на потрошувачите при поднесување на тужби до надлежните судови за заштита на нивните права; | |
| 5.11. Спроведување на превентивна заштита на потрошувачите со известување и совети, односно со едукација на потрошувачите. | |

| **6. Податоци за капацитети неопходни за вршење активности за заштита на правата на потрошувачите** | |
|---|---|
| 6.1 Капацитети | Опис на капацитетите |
| 6.1.1 Човечки капацитети | |
| 6.1.2 Материјални капацитети | |
| 6.1.3 Технички капацитети | |

Датум_____година М.П. Потпис на одговорното лице,

Место _____________ _____________________